Примено: 13-12-2019
Орг. Един.
02 2318/5

# Извештај за работата на деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" за уч. 2018/2019 година

Почитувани колешки и колеги, членови на Наставно-научниот совет,

Чест ми е да ви го поднесам третиот годишен извештај за мојата работа како декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Извештајот се фокусира на три главни сегменти: настава; финансии и развој; наука и меѓународна соработка; но содржи согледувања и за други, не помалку важни, аспекти од работата на факултетот.

Како вовед, наведувам општи коментари/забелешки во однос на работата на факултетот. Темелните вредности и мисијата на Филолошкиот факултет беа водечки импулс за реализација и на учебната 2018/19 година во сите точки на делување: а) промоција, посветеност и опстојност во проучувањето на јазикот, книжевноста, културата како национални обележја (на нашиот и на други народи), но и како на феномени со наднационален карактер, како дел од научното подрачје хуманистика; развивање и примена на апстрактни и практични методологии во описот на потесен и поширок премет на интерес преку продукција на научни трудови; размена на мислења, ставови и гледишта за односната проблематика во рамки на форуми, собири, конфренции; б) посветеност во изведувањето на наставните програми преку задолжителен фонд на часови; в) други активности и постојан контакт со студентите за следење на нивните постигнувања, како и за излегување во пресрет на можни проблеми со отворен и инклузивен пристап.

Следуваат деталните извештаи за сите сегменти од работењето на факултетот. Им изразувам благодарност на продеканките од односните ресори, на секретарот на факултетот и на раководителот на правната служба, како и на сите раководители на катедрите за приложените податоци и извештаи.

## 1. НАСТАВА

### Прв циклус студии

Наставата во зимскиот и во летниот семестар во уч. 2018/2019 за студентите од прва година се одвиваше според новата акредитација што важи од 2018 година, додека за студентите од втора, трета и четврта година се одвиваше според акредитирани студиски планови и програми од 2013 година. Наставата се одвиваше со максимален ангажман на постојниот наставнички кадар на факултетот, но и се ангажираше дополнителен стручен кадар од расположливиот квантум на надворешни соработници кои го сочинуваат наши дипломирани/магистрирани млади колеги. Тие беа ангажирани со статус на стручњаци од практиката или демонстратори, а беа избрани според начинот, условите и постапката за избор утврдени со Статутот на УКИМ.

Важно е да се спомене и ангажманот на странските лектори во покривањето на наставата, Единствено, наставата по кинески јазик не започна бидејќи не се реализира ангажажманот на лектор од Н.Р. Кина.

Успешно беше реализирана и наставата на нематичните факултети што ја изведуваат наставници од Филолошкиот факултет, како и стручњаци од практиката.

Што се однесува до бројот на запишани студенти на прв циклус студии: во академската 2018/19 се запишаа вкупно 377 студенти. Намалувањето на бројот на запишани студенти се должи на повеќе фактори, како што е намалувањето на природниот прираст на населението, заминувањето на младата популација на студии во странство, отворањето на голем број универзитети, како и немање можност за соодветно вработување.

Како успешна мерка за зголемување на бројот на студенти се покажа стипендирањето. Така, на студиската програма по чешки јазик и книжевност се запишаа 6 студенти коишто добија целосни стипендии од соодветната земја.

Факултетот настојува да создаде нови студиски програми коишто би биле од интерес на младите луѓе како што се нови интердисциплинарни студии во соработка со Правниот и со Економскиот факултет.

**Втор циклус студии**

Конкурсот за упис на нови студенти на втор циклус студии се реализира во согласност со пропишаните услови и утврдените рокови според акредитираните студиски програми од 2018 година.

Се запишаа вкупно 14 студенти на втор циклус, односно по групи: 1 на Македонска книжевност; 10 на Наука за јазик; 3 на Конференциско толкување. Како што може да се забележи од бројките, наставата по овие студии најчесто се одвиваше како менторска, со оглед на тоа што минимумот за одржување редовна настава по групи е 5 студенти. Според извештаите на наставниците вклучени во оваа настава, како и на раководителите на колегиумите, содржините на наставните програми се покриени во целост, по што студентите се упатуваат кон натамошните обврски од своите студии.

**Трет циклус студии**

Третиот циклус студии не се активираше бидејќи факултетот го немаше комплетирано процесот на акредитација.

**Нови студиски програми**

Во текот на зимскиот семестар од учебната 2018/19 се изготви студиска програма од втор циклус студии по дидактика на германскиот јазик во соработка со Гете институтот во Скопје. Во летниот семестар програмата беше акредитирана и конкурсот треба да биде распишан до крајот на 2019 год.

## 2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НАУКА

Во извештајниот период меѓународната соработка на Филолошкиот факултет се одвиваше преку повеќе активности. Како позначајно би го издвоила обновувањето на соработката со Државниот универзитет во Темпи, Аризона, САД (Arizona State University), преку што се обнови изучувањето на македонскиот јазик на тој универзитет со интензивен курс во летниот семестар (мај-јуни, 2019).

1. Во рамките на програмата за мобилност ЕРАЗМУС+, на конкурсот за програмата за студентска мобилност во академската 2018/2019 година, се пријавија вкупно 9 кандидати, а на Конкурсот за академска мобилност се пријави еден кандидат, проф. д-р Руска Ивановска-Наскова.

Според податоците, најголем интерес за мобилност има за универзитетите во Полска (5 студенти), во Хрватска (2 студенти) а другите апликации беа за мобилност во Австрија и во Шпанија. Целокупната документација беше доставена во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, кој им одобри стипендии на сите пријавени студенти од прв циклус.

| Име и презиме | Студиска програма | Избрана институција за остварување студентска мобилност | Просечен успех |
|---|---|---|---|
| Рената Пенчова | Македонска книжевност | Универзитет во Загреб, ХРВАТСКА | 10 |
| Андреа Далипапаз (Коцев) | Полски јазик и книжевност | Универзитет во Вроцлав, ПОЛСКА | 9,82 |
| Далибор Стојановски | Полски јазик и книжевност | Универзитет Адам Мицкиевич во Познањ, ПОЛСКА | 9,71 |
| Тијана Јановска | Преведување и толкување | Универзитет во Грац, АВСТРИЈА | 8,95 |
| Елена Василевска | Англиски јазик и книжевност | Универзитет во Мадрид, ШПАНИЈА | 8,63 |
| Христина Стефановска | Германски јазик и книжевност | Универзит во Ријека, ХРВАТСКА | 7,76 |
| Катерина Сапаловска (корисник на ЕРАЗМУС) | Полски јазик и книжевност | Универзитет во Лоџ, ПОЛСКА | 9,82 |
| Никола Илиевски (корисник на ЕРАЗМУС) | Полски јазик и книжевност | Универзитетот во Вроцлав, ПОЛСКА | 9,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Филип Алексов (корисник на ЕРАЗМУС) | Полски јазик и книжевност | Универзитетот во Шлезија, ПОЛСКА | 9,11 |

Во текот на летниот семестар, студентите успешно ја реализираа својата мобилност.

Во академската 2018/2019 година, преку програмата ЕРАЗМУС+, на Филолошкиот факултет гостувале вкупно 15 професори:

| | |
|---|---|
| • Jonás Fouz González | Universidad Catolica San Antonio de Murcia (UCAM), Spain |
| • Ana Rosa Sánchez Muñoz | Universidad Catolica San Antonio de Murcia, Spain |
| • Robert Bońkowski | University of Silesia in Katowice, Poland |
| • Tadzio Lewandowski | University of Opole, Poland |
| • Gabriele La Rosa | University of Wroclaw, Poland |
| • Artur Rejter | University of Silesia, Poland |
| • Frano Vrancic | University of Zadar, Croatia |
| • Maciej Tramer | University of Silesia in Katowice, Poland |
| • Ante Topcic | University of Zadar, Croatia |
| • Maria Waclawek | University of Ljubljana, Slovenia |
| • Ales Urvalek | Masaryk University, Czech Republic |
| • Maria-Georgeta Orian | University of Alba Iulia, Romania |
| • Monica Genesin | University of Salento, Italy |
| • Ala Sheshen | Lomonosov Moscow State University, Russia |
| • Verica Jakimov | INALCO, France |

Студентска мобилност остварија 10 странски студенти, при што еден студент предвреме ја заврши мобилноста поради лични причини. Повторно, најголемиот дел од странските студенти беа од универзитетите во Полска ( 8), а покрај тоа мобилност оствариле и еден студент од ИНАЛКО- Париз и една студентка од Универзитетот во Љубљана, Словенија. Студентите следеле предмети од студиските програми за славистика, македонски јазик и јужнословенски јазици, македонска книжевност и јужнословенски книжевности, англиски јазик и книжевност, турски јазик и книжевност.

| | | |
|---|---|---|
| • | Dominik Lekki | Jagiellonian University in Krakow, Poland |
| • | Hanna Yaminska | Jagiellonian University in Krakow, Poland |
| • | Karolina Karpa | University of Wroclaw, Poland |
| • | Miłosz Rosiak | University of Wroclaw, Poland |
| • | Ulis Heisert | Inalco, France |
| • | Vinsent Vilčnik | University of Ljubljana , Slovenia Faculty of Arts |
| • | Aleksandra Banaszak | Adam Mickiewicz University in Poznan, Poland |
| • | Katarzyna Biernacka | Adam Mickiewicz University in Poznan, Poland |
| • | Weronika Grochowicka | Adam Mickiewicz University in Poznan, Poland |
| • | Margarita Nikitina | University of Silesia, Poland |

Во оваа академска година на Конкурсот за летна работна пракса преку ЕРАЗМУС+ се пријавиле вкупно двајца студенти, но нивните апликации не беа прифатени бидејќи и двајцата веќе имаа користено стипендија преку ЕРАЗМУС+.

Во месец мај 2019 г. беше објавен и Конкурсот за остварување мобилност во текот на летниот семестар 2020 година. На Конкурсот, кој траеше до октомври 2019 г. се јавија вкупно 13 студенти и двајца наставници.

2. Други гостувања

Во извештајниот период се оствари и неколку гостувања и предавања кои допираат теми од областа на филологијата и, особено, настапи на книжевници и други експерти во областа на хуманистиката од странство:

- литературно читање со писателката Барби Марковиќ од Република Австрија во врска со нејзината последна книга „Superheldinnen" („Суперхероини").

- излагање од областа на книжевноста г-дин Доминик Отвеј, заменик-амбасадор при Амбасадата на Обединетото Кралство. Излагањето ќе се одржи во Салата за седници.

- гостување на чешкиот писател Михал Ајваз во во рамките на фестивалот BookStar

- гостување и предавање на Жан-Лук Коаталем (Франција), новинар и писател, Рони Демаесенер, библиотекар (Белгија) и Емануел Рамбер (Директор на Францускиот институт) во рамките на Деновите на франкофонијата, на тема „Патописна книжевност".

- гостување на двајца професори-лектори по јапонски јазик со презентација на некои сегменти од јапонската култура во организација на Јукари Ота.

- организирање на првиот натпревар за познавање на јапонски јазик за студентите на Филолошкиот факултет.

3. Меѓународни договори (Еразмус+ и билатерални)

Во текот на извештајниот период се потпишаа договори со 12 универзитети: Кан (Франција), Поатје (Франција), Перуџа (Италија), Фрајберг (Германија), Сиена (Италија), Будимпешта (Унгарија), Мусрија (Шпанија), Задар (Хрватска), Бари (Италија), Лоѓ (Полска), Саленто (Италија) и Познан (Полска).

Договорот со Универзитетот Ломоносов - Русија, склучен минатата акад. година, беше активиран и преку овој договор се оствари едно гостување на наш професор, д-р Билјана Мирчевска-Бошева, на тамошниот универзитет и едно гостување кај нас од страна на акад. Ала Шешкен.

Во овој извештаен период, се потпишаа билатерални со Универзитетот во Приштина и со Тамбовскиот Универзитет (Русија). Освен тоа, беа поднесени иницијативи и за други договори чие финализирање е во тек.

Во рамките на меѓународната соработка, беше доделен и еден дополнителен грант за остварување на мобилност на Деканката на Филолошкиот факултет проф. д-р Анета Дучевска со цел иницирање соработка со Универзитетот во Кан Нормандија (Франција).

Во текот на посетата на Универзитетите во Кан и во Поатје (Франција), остварена во месец март 2019 година, деканката Анета Дучевска и продеканката за меѓународна соработка Маја Бојаџиевска, ги договорија и моделите за идна соработка со овие два Универзитета. Врз основа на тоа, освен склучените Еразмус+ договори за мобилност и билатералните договори со овие два универзитета, почна работата врз проектот (Strategic partnership) за востанувување на нова програма за изучување на применети странски јазици, во партнерство со Универзитетот во Кан и со учество на Универзитетот во Белград.

Во извештајниот период, продолжи работата на Центарот за универзитетска успешност Le Très-Fle, во соработка со Универзитетската Агенција за Франкофонија. Исто така, продолжува соработката со Институтот Камоенш како и со Гете институтот во Скопје.

4. Во врска со апликативната дејност на факултетот која е поврзана и со меѓународна соработка, беа одржани комерцијални курсеви по јапонски јазик, почетни курсеви по корејски јазик и почетни и продолжителни курсеви по португалски јазик.

Во текот на 2019 година, се реализираше и проектот *Изучување на јазиците на другиот/ активни студенти за општествена кохезија* за кој беше добиен грант од ФООМ. Во проектот учествуваа осум професори од Филолошкиот факултет кои ги подготвија материјалите за учење и ја изведуваа наставата по македонски, албански и турски јазик за која се пријавија стотина студенти од УКИМ.

Освен овој грант, Филолошкиот факултет аплицираше и доби два помали гранта од Јапонската фондација (1: 100 книги за јапонската култура и општество и 2: грант за одржување на натпреварот по јапонски јазик и гостувањата на јапонските лектори кои ги оценуваа натпреварувачите).

Филолошкиот факултет доби и грант од Корејската фондација наменет за лекторот кој ја одржува наставата по корејски јазик во 2019 година.

5. Научната актива во уч. 2017/18 се реализира преку следниве активности:

**Научни собири, конференции, работилници**

- Како си ми? - Петта студентска филолошка конфренција (април, 2019)
- 11. Годишна конференција на Здружението на германисти од Југоисточна Европа (октомври, 2018)

- 1. Студентска германистичка конференција (октомври, 2018)

- Недела на италијанскиот јазик во светот (XVIII издание): Поставување изложба посветена на историјата на италијанскиот јазик; Реставраторска работилница со студентите од Катедрата за италијански јазик и книжевност во соработка со Факултетот за ликовни уметности и со Националната и унивезитетска библиотека „Св. Климент Охридски“.

- Денови на франкофонијата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (март, 2019)

- English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice (март, 2019)

- 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (мај, 2019)

- Семинар за наставниците по руски јазик (октомври, 2018)

- Славистички денови (декември, 2018)

**Научно списание**

Во извештајниот период продолжи излегувањето на новото научно списание на Филолошкиот факултет „Современа филологија“ - се објавија два броја : декември 2018 и јуни 2019. Континуитетот на списанието се одржа со новиот редакциски одбор, кој ги презеде задолженијата на 1. јули 2019.

Исто така, продолжи работата на студентскиот портал In medias res, со средства одобрени од УКИМ и со ново лице задолжено за уредувањето на порталот.

**Проекти**

Во периодот декември 2018 - февруари 2019 беше отворен конкурсот за научноистражувачки проекти финансирани од страна на УКИМ. На конкурсот се јави само еден предлог-проект: 1. „Развивање на јазичните компетенции на идните наставници по англиски јазик со имплементирање на ЗЕРРЈ” (носител: проф. Д-р Анжела Николовска); 2. Со одлука на Конкурсната комисија при УКИМ се прифати предложениот проект, по што се пристапи кон негова реализација.

Во тек се два меѓународни проекти, од кои еден е со учество на повеќе универзитети меѓу кои и УКИМ, а еден е преку билатерална соработка:

1. Меѓународен проект „Инструкција за ефективно процесирање на јазични структури при изучување на англискиот јазик како трет странски јазик”, билатерална соработка меѓу Универзитетот во Салцбург и Филолошкиот факултет. (главен истражувач од македонската страна: доц.д-р Анастасија Киркова-Наскова).

2. Еразмус+ КА2 (Strategic partnership for school education): “Europe: connaitre, apprendre, reconnaitre (Europe: knowing, learning, acknowledging)” (носител: училиште

„Дамјан Груев“ бр. 17 од Софија; одговорно лице за проектот од Филолошкиот факултет е д-р Мира Трајкова)

Што се однесува на научната актива на секој од наставниците, а претставена во сумирани бројки, објавени се над 400 научни и стручни трудови во домашни и странски списанија, како и повеќе стотици нотирани учества на домашни и меѓународни собири и конференции. Овој факт експлицитно ја отсликува посветеноста и придонесот на кадарот кон научноистражувачката дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

## 3. ФИНАНСИИ, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ

Овој значаен и комплексен сегмент од факултетската дејност е тесно поврзан со сите претходно наведени активности. Финансиските средства на Факултетот, кои се стекнуваат од државниот буџетот и од сопствени извори, беа грижливо чувани и распоредувани, што и годинава резултираше со зачувување на солидно позитивното салдо (33.440.750,00 денари). Прогресивното намалување на бројот на новозапишани студенти, а соодветно на тоа и намалување на приходите на сопствената сметка на Факултетот, се настојуваше годинава да се компензира преку обезбедување средства и од други извори. Во таа смисла беше зајакната апликативната дејност на Факултетот, беа обезбедени неколку спонзорства и донации, како и средства за капитални инвестиции, средства по основа на одделни изданија и проекти, котизации за меѓународни конференции организирани од нашиот Факултет и сл.

### Апликативна дејност

Во рамките на апликативната дејност значителни средства се стекнати по следните основи: одржувана настава на тринаесет нематични факултети, издавање уверенија за познавање на македонскиот, англискиот и други странски јазици, ЧИЛС сертификат за италијански јазик, изведување курсеви за изучување на корејскиот јазик вон редовниот курикулум, како и настава и испити по македонски јазик за странци, во организација на ЦЕТИС МАК.

### Проекти

Годинава продолжи финансирањето на еден билатерален проект (Pi-Bi-L3) поддржан од МОН (230. 000,00 ден.), беше финансиран еден проект од интегративната програма на УКИМ „Развивање на јазични компетенции на идните наставници по англиски јазик со имплементација на ЗЕРРЈ“ (240. 000,00 ден.), а беа добиени и финансиски средства за реализација на проектот „Изучувај го јазикот на другиот“ (македонски, турски и албански јазик), поддржан од Фондацијата Отворено општество во Македонија (600. 000,00 ден.).

### Грантови, спонзорства и донации

Неколку странски амбасади (италијанската, француската, шпанската, руската, јапонската), чии јазици се изучуваат на нашиот Факултет се појавија како донатори по неколку основи: обезбедување практикант по францски јазик во рамките на

центаарот на АУФ, покривање на трошоци за пат и сместување на професори од странство, трошоци за репрезентација за време на научни собири и конференции, организирање обука за наставници по странски јазици, донации на книги и сл.

**Конференции и научни собири**

Научните собири ЕСИДРП и ЕПИП на Катедрата за англиски јазик и книжевност се финансирани преку котизации, додека од интегративните средства на УКИМ се обезбедени финансии за ЕСИДРП и за студентската конференција *Како си ми*?.

**Изданија**

Изданијата што излегоа од печат годинава беа испечатени со сопствени средства, но и со поддршка однадвор. Од интегративните средства на УКИМ беа обезбедени средства за студентското списание *In medias res* и за учебниците по македонски јазик за МСМЈЛК, а од Министерство за култура средства за Монографијата *Книжевници-наставници на Филолошкиот факултет.* Од сопствени средства беа финансирани: *Годишен зборник* бр.43-44, два броја од *Современа филологија*, *Геокритика и геопоетика во италијанската книжевност*, зборник од *Македонско-американска конференција*.

**Инвестиции**

Беа реализирани неколку капитални инвестиции, остварени со буџетски и со сопствени средства: реконструкција на кровни површини, како и осветлување на библиотеките и на ходниците. Започнато е целосно реновирање на Амфитеатар бр.1, почнувајќи од градежни зафати, природно и вештачко осветлување, систем за вентилација и греење, промена на подови, мебел и сл. Беше инвестирано во набавка на опрема, информатичка и друга (принтери, компјутери, ролетни и сл), како и во тековно одржување на објектот.

Релизирани се и самофинансирачки активности на полето на научноистражувачката работа: континуирано беше финансиран макропроектот „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество", а беше обезбедена поддршка и за усовршување на членовите на наставниот кадар преку учество на меѓународни собири и конференции во странство.

Со оглед на неможноста да се пополнат сите испразнети места на Факултетот преку нови врааботувања, од сопствени средства се инвестираше во хонорарно ангажирани лица по разни основи: стручњаци од практика и демонстратори за потребите на наставата, административни службеници, хигиеничарки и сл.

Во извештајниот период извршени се постапки за 24 јавни набавки. Деталниот преглед е прикажан во прилог.

**4. Правни акти и документи**

Сите решенија (индивидуални и факултетски), одлуки и други акти што произлегуваат од законски одредби (избори во звања, службени отсуства, подолги отсуства и сл.) и кои се носат од двете извршни тела на Факултетот -- Деканатската управа и Наставно-научниот совет се уредно поминати на седниците: одржани беа тринаесет редовни седници на ННС, како и седум седници на Деканатската управа.

Со донесувањето на новиот Закон за високото образование (кој стапи на 16.5.2018 година) и реализацијата на обврските кои произлегуваат од Законот за вработените во јавниот сектор и од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор неопходно беше да се изврши усогласување на актите на Факултетот и тоа на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на УКИМ – Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје (Анекс 22).

За изработка на наведените акти, претходеше спроведување на функционална анализа за вработените во стручната и во административната служба.

Тимот формиран од страна на деканот ја спроведе функционалната анализа, која е базирана на докази.

Потоа од страна на комисија формирана од деканот се пристапи кон изработка на наведените правилници за наставниот и ненаставниот кадар.

Правилниците се усвоени на 33. редовна седница на ННС, одржана на 25.5.2019.

Со Правилникот за внатрешна организација се утврдија видот и бројот на организационите единици, делокругот на работата и начините и формите на раководење со делокругот на работата на Факултетот.

Во Правилникот за систематизација на работните места на УКИМ – Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје (Анекс 22) се утврдија називот и описот на работните места, односно звањата по организациони единици со шифра, условите за извршување на работните задачи и обврски за вработените избрани во наставнонаучни, наставно-стручни, нучни, наставни и соработнички звања кои вршат високообразовна дејност, односно наставен кадар и лицата вработени во стручната и во административната служба и помошно-техничките лица (ненаставен кадар).

Наведените правилници се усвоени на 241 седница на Ректорската управа од 17.9.2019 година.

Согласно одредбите од ЗВО, со донесување на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапките за запишување студенти на студиските програми на УКИМ (донесен на 26. Седница на Универзитетски сенат, од 27.11.2017 г.), нужно се наметна потребата од подготовка на општ акт на Факултетот со кој ќе се дорегулираат постапките, условите, правилата за студирање на студентите и....

Одлуката (подготвена од раководителот на Правната служба) беше донесена на 28. Седница на Деканатската управа, на 13.3.2019 година и Управата го предложи актот до ННС и на 30. Седница на ННС на 23.3.2019 едногласно ја донесе Одлуката за условите, критериумите, правилата и постапките за запишување студенти на студиските програми на првиот циклус (додипломски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје во состав на УКИМ (Правила за студирање).

По донесување на Одлуката за давање согласност на Статутот на УКИМ од страна на Собранието на РСМ, Универзитетскиот сенат на 23. седница на 26.6.2018 и на 32. Седница на 6.6.2019 го донесе Статутот на УКИМ.

Претходно од страна на единиците на УКИМ претходеше јавна расправа за нацрт-статутот. Свој придонес преку забелешки и сугестии од Катедрите и индивидуални мислења даде и Факултетот.

Единиците на УКИМ беа должни општите акти, односно статутите и деловникот да ги донесат, односно да ги усогласат со одредбите од ЗВО и Статутот на УКИМ најдоцна 3 месеци по влегување во сила на Статутот на УКИМ.

Во месец јуни 2018 година факултетите добија Нацрт статут на факултетите како основа за изработка на Статутот на Факултетот. Деканот формира Комисија за изработка на Статутот на Факултетот во месец јуни 2018 година.

Комисијата го усогласи Нацртот во согласност со спецификите на работењето на Филолошкиот факултет и во текот на работењето изработи неколку верзии на Статутот. Потоа мораше да се почека усвојувањето на конечниот текст на Статутот на Универзитетот за да се изработи конечната верзија на текстот на Статутот на Факултетот.

По изработка на Статутот на Факултетот од страна на Комисијата формирана од Деканот, текстот беше пуштен на јавна расправа на катедрите од кои беа доставени забелешки, сугестии и предлози. Сите беа разгледани, а дел и вградени во Актот.

Потоа ННС на 35. редовна седница на 10.9.2019 го усвои Статутот на Факултетот и деловникот за работа и одлучување на ННС, работните и стручните тела, комисиите и катедрите на Факултетот.

Универзитетскиот сенат на 34. седница на 27.9.2019 г. донесе одлука со која даде согласност на Статутот на Факултетот.

## 5. ДРУГИ АСПЕКТИ

### Издавачка дејност

Во извештајниот период Факултетот ги објави следните изданија:

- *Се оженив со тебе од ќеф* (преводи од студенти; приредувач: м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска)
- Зборник на трудови од 7. македонско-чешка научна конференција (приредувач: д-р Јасминка Делова-Силјанова)
- Геокритика и геопоетика во италијанската книжевност на 20. век (приредувачи: д-р Анастасија Ѓурчинова и д-р Ирина Талевска)
- Зборник на трудови од четвртата студентска конференција *Како си ми?*
- Зборник на трудови од 10. македонско-северноамериканска научна конференција за македонистика (приредувач: д-р Марјан Марковиќ)
- Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ бр 44.

Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ се јави како коиздавач (со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“) на четири нови учебници по македонски јазик и литература, пред сè за потребите на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура:

- Симон Саздов, *Тешкото,* Македонски јазик за странци – почетно рамниште.
- Гордана Алексова, *Лозје,* Македонски јазик за странци – средно рамниште.
- Анета Дучевска, *Златоврв,* Македонски јазик за странци – напреднато рамниште.
- Весна Мојсова-Чепишевска, *Везилка,* Македонски јазик за странци - Македонска литература и култура.

**Кадровска состојба**

Во текот на извештајниот период Факултетот се соочи со одлив на кадар по разни основи: во пензија заминаа двајца вработени од кои еден редовен професор и еден библиотекар, додека еден редовен професор замина на друго работно место.

Од приложените барања за нови работни места до надлежните министерства, Факултетот оваа година доби согласност за едно: доцент по општа и компаративна книжевност. Заложбите за добивање нови вработувања продолжуваат и понатаму: во тек е подготовка за нови барања што ќе се поднесат на почетокот на 2020 година.

Како интервентни мерки во поглед на кадровските потреби на Факултетот се ангажираат лица по две основи: хонорарно (со договор на дело) и преку агенција за привремени вработувања.

**Факултетски простор**

Претходно изготвената детална анализа за состојбата на предавалните и амфитеатрите, како и изготвениот елаборат за санација на кровот и електричната инсталација, во втората половина на уч. 2018/19 доби своја конкретна реализација:

- во завршна фаза е санација на централниот дел од покривот (аула), како и делот над салата за седници и големиот амфитеатар;
- во завршна фаза е целосното реновирање на малиот амфитеатар А1.

За овие зафати се искористија средства добиени од МОН, како и факултетски средства.

На крајот, би сакала да им искажам благодарност на сите вработени на Филолошкиот факултет „Блаже Конески": почнувајќи од деканатската управа – продеканките и раководителите на катедрите; на сите наставници, членови на Наставно-научниот совет; на соработниците; на кадарот во стручно-административните служби, како и на помошно-техничкиот кадар, на надворешните соработнци исто така, за придонесот во работата на факултетот со исклучително висок степен на професионалност и посветеност.

Декан
на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"

проф. д-р Анета Дучевска